# З А П И С Н И К

од четиринаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Четиринаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 22.09.2022 во 15:00 часот, во канцелариите на Агенцијата..

Присутни: Стевица Јосифовски, Тања Ковачев, Насер Адеми и Александар Давчевски.

Ервин Реџепагиќ беше отсутен за што го оправда своето отсуство.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Дневниот ред имаше 8 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за четиринаесетиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од тринаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата од 2022 година;
3. Барање согласност за измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година;
4. Барање согласност за јавна набавка на стока Електрична енергија;
5. Барање согласност за јавна набавка Ревизија на финансиското работење на АЕК за 2022 година и ревизија на компензацискиот фонд за универзална услуга за 2022 година;
6. Барање за согласност за објавување оглас за вработување на неопределено време;
7. Доставување на извештајот за работа за вториот квартал од 2022 година:
8. Разно.

Откако Претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот како и записникот од предходниот состанок.

Во врска со барањето под точка број 3, Директорот на Агенцијата го образложи предлогот за измена на планот за јавни набавки согласно барањата на секторите и согласно измените на финансискиот план на Агенцијата за 2022 година и тоа детално по сите точки поединечно, по што се даде согласност за ова барање.

Во врска со барањето за јавна набавка на стока Електрична енергија, беше образложено дека е завршен веќе важечкиот договор и има потреба од спроведување на нова набавка.

За барањето под точка број 5, имајќи во предвид дека станува збор за веќе предвидена набавка во планот за јавни набавки, членовите на комисијата даде согласност.

Точката под реден број 6 се одложи за 23.09.2022 година.

Кварталниот извештај за работата на Агенцијата беше разгледан од Комисијата и беа дискутирани пооделно извештаите на сите сектори и служби.

Под точка разно комисијата ги разгледа барањата пристигнати во Агенцијата и се даде согласност за отуѓување на моторно возило по добиената согласност од Владата.

Состанокот заврши во 17:00 часот.

Стевица Јосифовски, претседател____________

Тања Ковачев, член _________________

Насер Адеми, член _________________

Александар Давчевски, член___________

Скопје 22.09.2022 год.

# З А П И С Н И К

од продолжението на четиринаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Четиринаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 23.09.2022 во 15:00 часот, преку веб апликацијата.

Присутни: Стевица Јосифовски, Тања Ковачев, Насер Адеми, Александар Давчевски и Ервин Реџепагиќ.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, претседателот ја започна седницата со расправа по точката која беше одложена од вчерашниот состанок и тоа барање за согласност за објавување оглас за вработување на неопределено време;

Откако беше разгледано барањето, и откако се дискутураше по истото, членовите на Комисијата дадоа согласност за ова барање.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Стевица Јосифовски, претседател____________

Тања Ковачев, член _________________

Насер Адеми, член _________________

Александар Давчевски, член___________

Ервин Реџепагиќ, член___________

Наш број _________

Скопје 23.09.2022 год.